Средствата за реализација на Програмата за инвестиционо одржување на репрезентативните и резиденцијалните објекти и службените простории на органите на државната управа ќе се користат за:

1. Подобрување на функционалните услови во објектот Клуб на органите на државната управа.
2. Подобрување на функционалните услови во објектот Вила 3 на Водно – Скопје.
3. Подобрување на функционалните услови во резиденцијалните објекти.
4. Подобрување на работните услови и функционалноста на системите за климатизација и непрекинато напојување на објектот Влада на Република Северна Македонија.

II

Средства за извршување на мерките и активностите од дел I од оваа програма се обезбедени од следните извори:

1. Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година, согласно со Раздел 040.02, Потпрограма 1А – Реконструкција на згради на владини органи

- ставка 481 – Градежни објекти 37.475.000 денари

III

Средствата од дел II од оваа програма, ќе се користат за следните намени:

СТАВКА 481 – ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ

А. РЕПРЕЗЕНТАТИВНИ, РЕЗИДЕНЦИЈАЛНИ И УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ

1. Реконструкција на економскиот дел од објектот Клуб на органите на државната управа 9.975.000 денари

2. Реконструкција на покривот на објектот Вила 3 1.500.000 денари

3. Инсталирање на фотонапонски системи 6.000.000 денари

Вкупно А: 17.475.000 денари

Б. СЛУЖБЕНИ ЗГРАДИ И ПРОСТОРИИ

1. Реконструкција на системот за климатизација и реконструкција на цевна инсталација во објектот Влада на Република Северна Македонија 16.400.000 денари

2. Реконструкција на системот за непрекинато напојување во објектот Влада на Република Северна Македонија 3.000.000 денари

3. Изработка на Основен ревидиран проект за санација на покривната површина на објектот Влада на Република Северна Македонија 600.000 денари

Вкупно Б: 20.000.000 денари

ВКУПНО 481: 37.475.000 денари

IV

За спроведување на оваа програма, се грижи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-935/6
1 февруари 2023 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.

---

**464.**

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 февруари 2023 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ПРЕРАБОТУВАЧКАТА ИНДУСТРИЈА И ОПШТЕСТВЕНАТА ОДГОВОРНОСТ ЗА 2023 ГОДИНА

I

Со оваа програма се уредува намената на средствата за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествената одговорност во вкупен износ од 31.900.000,00 (триесет и еден милион и деветстотини илјади) денари, и тоа:

- 30.900.000,00 (триесет милиони и деветстотини илјади) денари, обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, – Потпрограма 11 – Индустриска политика, сметка 637, ставки 462, 464 и 425, наменети за имплементација на мерки од Индустриската стратегија на Република Северна Македонија 2018-2027,
- 1.000.000,00 (еден милион) денари, обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година –Потпрограма 16 –Инвестиции и општествена одговорност, ставка 462 – субвенции за приватни претпријатија, наменети за поддршка на општествената одговорност.

Средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година наменети за реализација на оваа програма, ги распоредува Министерството за економија.

II.

Оваа програма се состои од мерки во следните области:

### А. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ИНДУСТРИСКАТА ПОЛИТИКА

За реализација на мерките од областа А. Имплементација на индустриската политика се наменети средства во вкупен износ од 30.900.000,00 денари, и тоа за:

МЕРКА 1. Поддршка за зголемување на конкурентноста на деловните субјекти од преработувачка индустрија во вкупен износ од 12.000.000,00 денари преку следните мерки:

1.1 Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за развој на деловниот субјект, развој на производ и развој на пазар во вкупен износ од 12.000.000,00 денари.

Предмет на Мерката 1 е надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти, и тоа во износ од 50 % од докажаните трошоци на деловните субјекти, но

не повеќе од 300.000,00 денари поединечно за секој деловен субјект – барател на средствата за следните активности:

1.1.1. Изработка на стратегија за извоз и/или студии за истражување на пазарот и/или маркетинг стратегија и/или активности за развој на бренд за извозно ориентирани претпријатија;

1.1.2. Набавка, имплементација, сертификација и обука за хоризонтални стандарди; хармонизирани и други стандарди и стандардизациски документи од областа на преработувачката индустрија потребни за интернационализација и поголема конкурентност (GlobalGap, BioSuisse, FairWild, IFS, BRC, итн.);

1.1.3. Кофинансирање на дел од трошоците за официјални такси за регистрација во меѓународни институции (WIPPO, EPO, EUIPO и други) за меѓународна заштита на правата на индустриска сопственост;

1.1.4 Кофинансирање на дел од трошоците за соработка меѓу компаниите и универзитетите за истражување, развој и иновации (користење на лабораториите при универзитетите за испитување и истражување, изработка на проектна документација за подобрување на технолошкиот процес и производ, стручна анализа и консултација, специјализирана обука, подготовка и објава на заеднички анализи и трудови во меѓународни стручни списанија и сл.);

1.1.5. Кофинасирање на трошоци за дигитална трансформација на компаниите: оценка на дигиталната спремност и изработка на план за дигитална трансформација, развој/набавка на дигитални решенија за поддршка на бизнисот и производството, систем за компјутерска безбедност, дигитален маркетинг, развој на дигитална култура и стекнување напредни дигитални вештини преку кофинансирање на трошоци за обуки (групни и индивидуални) за подигање на дигиталните компетенции;

1.1.6. Експертска поддршка во развивање/имплементација на проект за оптимизација на производството преку воведување нови бизнис модели со напредни производни и менаџерски концепти и методологии во насока на унапредување на продуктивноста и квалитетот и намалување на трошоците (Lean менаџмент, КАИЗЕН, итн.);

1.1.7. Експертска анализа и изработка на техничка–проектна документација или студија за техничка изводливост за: планирани инвестициони проекти, подготовка на претпријатието за примена на мерки за енергетска ефикасност, воведување на циркуларна економија и зелена економија, за зелен и пониско јаглероден раст и развој, воведување на нови, модерни технологии за чисто производство и оценка на извозна и/или иновативна спремност;

1.1.8. Изработка и ревизија на проектна документација за поставување на фотонапонски електроцентрали на кров за производство на електрична енергија;

1.1.9. Изработка на проектна документација и/или изградба на приклучок на преносната/дистрибутивна мрежа за природен гас.

Финансиската поддршка од Мерката 1 е наменета за деловните субјекти од секторот Преработувачка индустрија, согласно Националната класификација на дејностите – НКД рев. 2.

МЕРКА 2: Надоместување на дел од трошоците за акредитирање на лаборатории, проширување на опсегот на акредитација на постоечките лаборатории за испитување или набавка на потребна опрема за лаборатории за пуштање на пазарот на квалитетни и безбедни производи во вкупен износ од 3.000.000,00 денари.

Предмет на Мерката 2 е надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти, и тоа во износ од 50 % од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 400.000,00 денари поединечно за секој деловен субјект – барател на средствата.

МЕРКА 3. Кофинансирање за организирање на специјализирани обуки - длабински и детални технолошки обуки за преработувачка индустрија во вкупен износ од 2.900.000,00 денари.

Предмет на Мерката 3 е кофинансирање за организирање на обуки, и тоа:

3.1. Кофинансирање за организирање на специјализирани обуки - длабински и детални технолошки обуки за новите предизвици во развојот на следните сектори: автомобилска, текстилна, прехранбена и електро машинска индустрија,

3.2. Кофинансирање за организирање на специјализирани обуки за извозно ориентирани претпријатија за подигање на извозната спремност,

3.3. Кофинансирање за организирање на обуки за воведување на концептот на зелена трансформација, „заѕеленување – greening of manufacturing industries" и воведување на концептот на циркуларна економија во преработувачката индустрија

3.4. Кофинансирање за организирање на обуки за подигање на свеста за иновации, паметна специјализација, заштита на права на интелектуална сопственост, патенти и сл.

3.5. Кофинансирање за организирање на обуки за подигање на свеста за дигитална трансформација, дигитална безбедност, дигитален маркетинг, дигитална писменост.

За активностите од Мерката 3, дел од трошоците се надоместуваат согласно оваа програма, во висина од 75% од докажаните трошоци за организација и реализација на обуките, и тоа врз основа на доставен:

- детален Извештај за реализација на обуките, програмата, наставниот материјал и прирачник, со индикатори за успешност врз основа на прашалник дистрибуиран до учесниците;

- соодветни докази за реализација на обуките (фактури и сл.) и детален извештај со листа за бројот на учесници и името на компаниите – учесници на обуките.

МЕРКА 4: Поттикнување на иновативни и колаборативни пилот проекти поврзани со специјализација, зелена и дигитална трансформација во четворен хеликс, во вкупен износ од 13.000.000 денари.

Предмет на Мерката 4 е кофинансирање на дел од трошоците за нови иницијативи (пилот проекти) за воспоставување и формализација на долгорочна соработка меѓу компании, академија, институции, невладини организации и други заинтересирани страни, базирана на истражување, развој и иновации.

За активностите од Мерката 4, дел од трошоците се надоместуваат согласно оваа програма, во висина од 75% од проект, но не повеќе од 4.000.000,00 денари поединечно по проект.

За реализација на Мерката 4 можна е соработка со други институции и донатори доколку во своите програми за работа поддржуваат соработка помеѓу науката и бизнисот во истражување, развој, иновации, диверзификација и нови пазарни можности.

За доделување на средствата од мерките 1, 2, 3 и 4 од оваа област ќе се објават јавни повици на веб страницата на Министерството за економија www.economy.gov.mk и www.konkurentnost.mk.

Трошоците наменети за реализација на мерките 1, 2, 3 и 4 од оваа област ќе им бидат исплатени на барателите во зависност од расположливите средства од Буџетот, по редоследот на нивното пријавување во архивата на Министерството за економија.

## Б. ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

За реализација на мерките од областа Б. Општествена одговорност се наменети средства во вкупен износ од 1.000.000,00 денари, и тоа за:

МЕРКА 1. Поддршка за развивање, одржување и применување социјално прифатливи практики на деловните субјекти во вкупен износ од 1.000.000,00 денари преку:

1.1 Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за воведување, сертификација и ресертификација на систем за општествена одговорност на претпријатието, согласно стандардот SA8000/ извештајот: BSCI/SMETA/FAIRWARE, кој обезбедува етичко управување при производство на стоки и услуги и бара да се гарантираат основните права на работниците.

За активностите на Мерката 1.1., дел од трошоците се надоместуваат согласно оваа програма во висина од 60% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 120.000,00 денари поединечно за секој барател на средства.

1.2 Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за воведување, сертификација и ресертификација на систем за одговорни односи на пазарот, согласно сертификатот „Фер со потрошувачот", кој обезбедува систем за електронско управување со поплаки од потрошувачи и купувачи и спогодбено решавање на проблеми и спорови.

За активностите на Мерката 1.2., дел од трошоците се надоместуваат согласно оваа програма, во висина од 50% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 40.000,00 денари поединечно за секој барател на средства.

1.3 Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за воведување, сертификација и ресертификација на систем за управување со човечки ресурси во доменот на одговорност кон овозможување на баланс помеѓу професионалниот и приватниот живот и постигнување на родова еднаквост, согласно стандардот „MAMFORCE", кој обезбедува имплементација на напредни политики за управување со човечки ресурси.

За активностите на Мерката 1.3., дел од трошоците согласно оваа програма се надоместуваат во висина од60% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 120.000,00 денари поединечно за секој барател на средства.

1.4 Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за воведување, сертификација и ресертификација на систем за оценување на зелени општествено одговорни набавки, производи, услуги, проекти и деловни практики за заштеда на енергија, екологија и одржливост, согласно сертификатот „Eco-En Cert" кој обезбедува грижа за вработените, општествена одговорност кон заедницата, идентификување, проценка, спречување и отстранување на ризиците и влијанијата врз животната средина во нивните синџири на снабдување и во нивните сопствени операции.

За активностите од Мерката 1.4., дел од трошоците се надоместуваат согласно оваа програма, во висина од 50% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 30.000,00 денари поединечно за секој барател на средства.

За доделување на средства од Мерката 1 од оваа област ќе се објави јавен повик на веб страницата на Министерството за економија www.economy.gov.mk и www.konkurentnost.mk.

Трошоците наменети за реализација на Мерката 1 од оваа област, ќе им бидат исплатени на барателите во зависност од расположливите средства од Буџетот, по редоследот на нивното пријавување во архивата на Министерството за економија.

III

При распределбата на средствата од оваа програма, во оние мерки каде што е тоа применливо, ќе се има предвид Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за период од 2018 година до 2023 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 234 /18).

IV

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за економија.

V

Министерството за економија, заклучно со 31 март 2024 година, до Владата на Република Северна Македонија ќе достави извештај со финансиски показатели за реализација на оваа програма и наменско користење на средствата.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-940/7
1 февруари 2023 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.

---

**465.**

Врз основа на член 42 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.282/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 февруари 2023 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ЗА 2023 ГОДИНА

1. Финансирањето на училишните објекти од основното образование се врши согласно член 157 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19 и 229/20).

Со оваа програма се планира распределба на средства за завршување на градбите и реконструкциите на отпочнатите училишни објекти и градби (изградба, доградба и надградба) и реконструкции, стручно технички надзор во процесот на градежните активности, обезбедување на техничка документација, проектна документација и ревизија на проектна документација, податоци и услуги од страна на јавни институции и средства за непредвидени работи и вишоци за училишни објекти за основни училишта во рамките на обезбедените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 333,595,000.00 денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, во Раздел 160.01 - Министерство за образование и наука, Потпрограма ТА - Изградба на основни училишта и Потпрограма ТБ - Реконструкција на основни училишта, ставка 482.

Средствата за реализација на оваа програма обезбедени со Потпрограма ТА - Изградба на основни училишта во вкупен износ од 91,675,000.00 денари, се распределуваат како во Табеларниот преглед ТА - изградба на основни училишта за: